ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА АЕРОДРОМ

6

ЛЕВИЦА

ЗА АЕРОДРОМ

6

# 10 ПРОЕКТИ ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА АЕРОДРОМ

## 1. Решавање на паркинг хаосот во Аеродром

**Хаосот со паркингот во Аеродром не е резултат само на лошото локално владеење, туку системски грешки на централно ниво и неизмерната алчност на градежната мафија. Последиците од истиот во најголем дел можат да бидат санирани. За исполнување на оваа цел ги предлагаме следните проекти, во неколку фази во следните четири години:**

- Изградба на монтажни катни гаражи на веќе постоечките отворени паркинг места во населбите Јане Сандански, 13-ти Ноември, Аеродром и Ново Лисиче.
- Изградба на подземни и катни гаражи по пат на јавно – приватно партнерство во населбите каде изградба на отворени паркинг места е невозможна. Ова би подразбирало отстапување на просторот за градба од страна на општината, а жителите ќе имаат право да се здобијат со гаража по пат на инвестирање во проектот. Цената на овие паркинг места, со самото тоа што во неа нема да биде вграден процент на профит, би била пониска од моменталната. Паркинг местата ќе бидат впишани во имотните листови на становите и ќе бидат неделливи од истите. На долг рок целта е да се обезбеди едно затворено паркинг место за секој имотен лист во општината. Овој проект примарно е наменет за населбите Мичурин, Стар Аеродром, Острово, Реонски Центар и Ново Лисиче.
- Формирање на ЈП Паркинзи под чија надлежност би влегле сите подземни и надземни паркинзи во општината. Целта е чистење, санација и со тоа ставање на употреба на огромен број на паркинг места.
- Изведба на паркинзи за тешки товарни возила и забрана за паркирање на истите по станбените паркинзи.

## 2. Системска борба против градежната мафија и санација на последиците

**Со урбанистички хаос и бетонизација која се случи последниве 20 години под власта на ДПМНЕ и СДСМ се повеќе придонесува Аеродром да стане како Чаир и квалитетот на живот во општината да падне под секое ниво на хумано живеење. За истата цел Левица ги предлага следните мерки и решенија:**

- Прогласување на мораториум за изградба на нови згради во урбаниот дел од општината и ограничување на катноста во останатите делови на Аеродром.
- Ревидирање на деталните урбанистички планови и носење на нови урбанистички решенија кои би биле направени според потребите на жителите и

# 2. Системска борба против градежната мафија и санација на последиците

според пропишаните стандарди за хумано живеење, а не според потребите за профит на градежната мафија и на локалните и партиски моќници.

- Укинување на ДУП-от со 13-катницата во Населба Лисиче
- Укинување на ДУП-от со индустриска зона во Долно Лисиче
- Носење на ДУП за касарната во населба Аеродром каде просторот ќе се намени за изградба на парк со плоштад и нова општинска зграда со мулифункционален културен центар.
- Носење на одлука за унифициран архитектонски дизајн за новите градби и при реставрација на старите фасади да бидат запазени архитектонските стандарди, со што би се подобрила естетиката на општината.

# 3. Решавање на загадувањето

- Најголемиот дел од загадувањето во општината Аеродром е резултат на неработењето на околните општини како и централните државни институции, а не на жителите како и деловните субјекти во рамките на општината. Но Аеродром, а особено населбите Лисиче, Реонски Центар и Ново Лисиче се најзагадените во Град Скопје. На ова мора да се стави крај.
- Веднаш по освојувањето на локалната власт, а доколку надлежните околни општини и државните институции не преземат итни мерки за решавање на проблемот, би започнале правна постапка против Општина Кисела Вода, Општина Гази Баба, Град Скопје и Министерство за животна средина, Министерство за труд и социјална политика за неизвршување на нивните надлежности од областа на заштита на животната средина во соодветен контекст на Цементарница Усје, ЈУ Ранка Милановиќ, дивата депонија Вардариште, дивата населба кај Топлана, Тето итн.



# 4. Изградба на Аеродромска Чаршија

**Формирање на културно-комерцијално јадро во општина Аеродром, преку изградба на унифицирани занаетчиско-угостителски објекти во традиционален стил, со поддршка за мали занаетчии, уметници и локални бизниси.`**

- **Главни компоненти:**

- Изградба на 60–80 унифицирани ателјеа и работилници (15–40 $м^2$ секое)
- Централен плоштад со бина
- Парк со урбана опрема, јавни чешми и санитарии
- Културно-информативно биро
- Пешачки пристапи и велосипедска инфраструктура



- **Предлог буџет:**

| | |
|---|---|
| - Архитектонски и урбанистички проект + надзор: | 12.000.000 МКД |
| - Изградба на објекти (локали, плоштад, инфраструктура): | 180.000.000 МКД |
| - Урбано уредување (плочник, зеленило, осветлување): | 45.000.000 МКД |
| - Опрема и комунални приклучоци (струја, вода, отпад): | 30.000.000 МКД |
| - Културно-информативно биро и јавни содржини: | 15.000.000 МКД |
| - Резерви и непредвидени трошоци (10%): | 29.200.000 МКД |
| **Вкупен буџет:** | **311.200.000 МКД** |

# 5. Изградба на Дом на Култура




**Не смееме да дозволиме во Аеродром, општина со околу 100.000 жители, и натаму на последно место да биде културата. Во Аеродром културните настани речиси и да не постојат. Тоа е така затоа што нема простор каде би се одржувале. Од тие причини неопходна е изградба на Дом на културата. Затоа што заедница без уметност и култура е мртва заедница. Зошто Дом на култура?**

- Затоа што уметноста ѝ вдахнува живот на заедницата
- Затоа што уметноста е потребна секому, а достапна само некому
- Затоа што најголемата скопска општина речиси и да нема манифестации од културата
- Затоа што Аеродром има најголем број музичари, актери, уметници, поети, писатели, ракотворци...
- Затоа што нема простор, сцена, локација, објект за културни настани

**Впрочем и жителите на Општина Аеродром повеќе од две децении бараат да се изгради објект во кој би се одржувале настани од културата - фестивали, изложби, театарски претстави, концерти, поетски и литературни читања, а тоа недвосмислено го кажаа и на анкетата што ја спроведовме за потребите на изготвување на оваа програма.**

- **Просторни и програмски компоненти:**
  - Главна сала со сцена и 300–500 седишта
  - Помала сала за камерни настани / проекции / дебати
  - Галерија и простор за изложби
  - Работилници за музика, театар, ракотворби
  - Литературна читална и мултимедијален центар
  - Кафе-бар и простор за социјализација
  - Административни простории и архив
  - Техничка опрема (светло, звук, проекција)
  - Инфраструктура за пристап на лица со попреченост
  - Енергетски ефикасен систем: термоизолација, соларни панели, LED осветлување
  - Урбанистичко уредување со зеленило, урбана опрема и паркинг

- **Фази на реализација**
  - Фаза 1: Урбанистички и архитектонски проект – 6 месеци
  - Фаза 2: Градежни работи – 14 месеци
  - Фаза 3: Техничка опрема и внатрешно уредување – 4 месеци
  - Фаза 4: Тестирање, јавна програма и отворање – 2 месеци

- **Предлог буџет**

| | |
|---|---|
| - Проектирање и надзор: | 35.000.000 МКД |
| - Градежни работи: | 280.000.000 МКД |
| - Опрема и ентериер: | 80.000.000 МКД |
| - Техничка и сценска опрема: | 40.000.000 МКД |
| - Енергетски систем и инфраструктура: | 30.000.000 МКД |
| - Урбанистичко уредување (пристап, паркинг, зеленило): | 25.000.000 МКД |
| - Резерви и непредвидени трошоци (10%): | 49.000.000 МКД |
| **Вкупен буџет:** | 539.000.000 МКД |

# 6. Технолошки парк – Аеродром



**Проектот за Технолошки парк во општина Аеродром има за цел да го преобликува карактерот на општината преку воведување на економска, технолошка и урбана диверзификација на општинската структура надвор од сегашната еднoличност каде сѐ што се нуди е станбен простор. Паркот ќе претставува мултифункционален развоен кластер кој ќе ги поврзува ИТ секторот, стартап компаниите, истражувачките капацитети и жителите преку современи функционални простори. Во состав на технолошкиот парк би имало градинка и други јавни и комерцијални објекти за потребите на вработените и локалните жители.**

- **Главни компоненти на технолошкиот парк**
  - Деловен објект за ИТ хабови и истражувачки компании (3.500 $м^2$)
  - Стартап центар и „coworking“ зона (1.200 $м^2$)
  - Градинка за вработените и локалните жители (800 $м^2$)
  - Комерцијални содржини (маркет, кафетерии, книжара) (600 $м^2$)
  - Централен плоштад со амфитеатар и зелена зона (3.000 $м^2$)
  - Паркинг зона (4.000 $м^2$, за 150 возила)
  - Соларни кровни панели и инфраструктура за енергетска ефикасност

- **Фази на реализација**
  - Фаза 1: Урбанистичко планирање и архитектонско проектирање – 6 месеци
  - Фаза 2: Изградба на објекти и инфраструктура – 18 месеци
  - Фаза 3: Опремување и тестирање – 4 месеци
  - Фаза 4: Официјално отворање и старт на активностите – 2 месеци

- **Предлог буџет**
  - Проектирање и урбанистички план: 30.000.000 МКД
  - Изградба на ИТ и стартап објекти (4.700 $м^2$) - изградбата на деловниот простор ќе биде од страна на приватни инвеститори
  - Изградба на градинка и комерцијални објекти (1.400 $м^2$): 70.000.000 МКД
  - Плоштад, зелени површини и урбана опрема (3.000 $м^2$): 40.000.000 МКД
  - Инфраструктура, енергетски системи и паркинг: 60.000.000 МКД
  - Резерви и непредвидени трошоци (10%): 45.000.000 МКД

    **Вкупен буџет:** 495.000.000 МКД

  – Примарно финансиран од комуналните давачки наплатени од инвеститорите во технолошкиот парк.

# 7. Спорт за сите

Проектот „Спорт за сите“ овозможува спортување за секого, без разлика на возраста и приходите. Ова ќе се постигне со формирање на општинско Спортско здружение во кое можее да се приклучат веќе постоечките спортски и културни друштва како и индивидуални спортисти. Истото би се раководело според програма која ќе се стреми кон разновидност и која е погодна за кандидати од сите генерации, кои не се стремат кон максимални атлетски перформанси, туку тренирање за кондиција, здравје и радоста на спортувањето. За личности кои сакаат да ги развијат своите моторни вештини - брзина, сила, агилност, координација и издржливост, да научат да победуваат и да губат, да не се откажуваат кога не успеваат и да ја зголемат самодовербата. Учество на тренинзите ќе биде бесплатно за сите жители на општина Аеродром.

За исполнување на целите на ова друштво, Општина Аеродром без надоместок ќе ги отстапи своите инфраструктурни капацитети како училишните сали, холови, бараки, итн.



# 8. Изградба на Природно Математичка гимназија

**Со оглед на бројот на жители и концентрираност на млади во општината Аеродром, очигледна е потребата од изградба на уште едно средно училиште. Градот Скопје на својата територија нема Природно – математичка гимназија, а современите текови за развој на технологијата налагаат потреба од ставање на примат во изучувањето на математичко – информатичките науки. Со оглед на тоа општина Аеродром, во соработка со град Скопје, ќе изгради современа Природно-математичка гимназија која ќе нуди висококвалитетно образование во областа на природните и технолошките науки.**




- **Главни објекти и капацитети**

- Главен училишен објект со училници, лаборатории и наставен кадар – ~3.500 м²
- Спортска сала со трибини и соблекувални – ~1.200 м²
- Библиотека и медиотека – ~400 м²
- Лаборатории (биологија, хемија, физика, информатика) – ~800 м²
- Административен блок и наставнички простории – ~300 м²
- Кантина и кујна – ~350 м²
- Уредување на двор, спортски терени и зелени површини – ~4.000 м²
- Паркинг и велосипедски пристап

# 9. Изградба на Природно Математичка гимназија

- **Фази на реализација**
    - Проектирање и дозволи – 6 месеци
    - Градежни активности – 18 месеци
    - Опремување и техничко пуштање – 6 месеци
    - Старт на наставниот процес – 2 месеци

- **Предлог буџет**

| | |
|---|---|
| - Проектирање и технички надзор: | 25.000.000 МКД |
| - Градежни работи и инфраструктура: | 360.000.000 МКД |
| - Спортска сала и надворешни терени: | 70.000.000 МКД |
| - Лабораториска и ИКТ опрема: | 45.000.000 МКД |
| - Мебел и внатрешно уредување: | 25.000.000 МКД |
| - Енергетска ефикасност и обновливи извори: | 20.000.000 МКД |
| - Резерви и непредвидени трошоци (10%): | 54.500.000 МКД |
| **Вкупен буџет:** | 599.500.000 МКД |

# 10. Формирање на јавни претпријатија за функционална општина

Од самото формирање на Општина Аеродром, преку нејзиното одделување од Општина Кисела Вода, па сè до денес, досегашните локални власти не успеаја да воспостават функционални јавни претпријатија, ниту да изградат ефикасен и транспарентен административен апарат кој целосно ќе ги реализира надлежностите на општината.

Година по година, сведоци сме како значителен дел од општинскиот буџет се пренасочува кон приватни интереси, наместо да се инвестира во проекти од јавен карактер. За жал, општината често се сведува на пасивен финансиски посредник, без активна улога во развојот на заедницата.

Дополнително, и покрај ваквата нефункционалност, бројот на вработени во администрацијата континуирано расте, без при тоа да се подобрува квалитетот на јавните услуги. На оваа пракса мора да ѝ се стави крај.

Нашата цел е да воспоставиме ефикасна и одговорна општинска администрација, заснована на транспарентност и професионалност. Општината мора, преку свои јавни претпријатија, установи и организации, целосно да ги извршува своите надлежности, со единствена цел – заштита и унапредување на јавниот интерес.

# I. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## Хумано урбано планирање

- Застанување на патот на локалните моќници во манипулациите со градежното неизградено земјиште - мораториум за изградба на нови станбени згради во урбаниот дел на општината и ограничување на катноста во останатите делови на Аеродром.
- Реализација на сите започнати легализации на дивоградбите во рок од една година
- Осветлување на патот помеѓу Горно и Долно Лисиче
- Уредување на коритото на Маркова река
- Проширување на мостот на Маркова река на потег Горно – Долно Лисиче
- Енергетско ефикасни сијалици за намалување на трошоците
- Формирање на комунални градини
- Решавање на проблемот со дивите пазари
- Изградба на повеќе детски игралишта со различни реквизити за најмладите како и уредување на просторот околу за да станат пријатни зелени катчиња за станарите и нивните семејства.
- Реконструкција на старите и запуштени детски игралишта.
- Воспоставување на противпожарна служба на територијата на општина Аеродром.

## Улици и патишта

- Кружен тек кај ЈУДГ Буба Мара во Ново Лисиче.
- Сообраќајно поврзување на Реонски центар со бул. Србија.
- Поставување на кружен тек пред ООУ „Љубен Лапе".
- Целосна реконструкција на двата крака на улицата Фрањо Клуз.
- Сообраќајно поврзување на бул. Трета македонска бригада со улиците Анастас Митрев, Венјамин Мачуковски и Петар Ацев, од страна на Железничка станица.
- Кружен тек на раскрсница кај улиците Симеон Кавракинов, Фрањо Клуз, Методија Шаторов Шарло и бул. Кузман Јосифовски-Питу.
- Кружен тек на бул. 12 Македонска бригада кај ТЦ во Населба Лисиче.
- Кружен тек на бул. Февруарски поход со ул. Тодор Чангов.
- Реконструкција и обнова на улиците во населба Лисиче.

## Општински паркинг

- Постепено укинување на зонско паркирање во неколку фази паралелно со изградба на нови паркинг места. Изводливо е да се подигнат монтажни конструкции на веќе постоечките отворени паркинг места со цел да не се зема од зеленилото. Монтажните конструкции ќе се покријат со фотоволтаици со што ќе се намали драстично потрошувачката на електрична енергија.
  - Изградба на подземни или катни гаражи со јавно приватно партнерство на општината со жителите на Аеродром. Овие гаражи би се правеле на места каде што е намалена можноста за изградба на нови паркинг места.
  - Монтажни паркинзи со челични конструкции на две нивоа, поставени во околината на најфреквентните места во општината.

# I. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

- Забрана на тешки товарни возила за паркирање по паркинзите и одредување на посебни паркинзи кои ќе бидат наменети за нив.
- Пунктови за полнење на електрични возила.

## Велосипедски и пешачки патеки

- Продолжување на велосипедската патека на кејот на Вардар до Долно Лисиче во соработка со Град Скопје.
- Велосипедска патека од Долно Лисиче до Горно Лисиче покрај патот што ги поврзува.
- Паркинг за велосипеди пред сите градинки, училишта, спортски центри и сите објекти под надлежност на општина Аеродром.
- Формирање на пешачки зони, забранети за автомобили.
- Реконструкција на тротоари и пешачки патеки низ целата општина.
- Слеани тротоари за подобра пристапност за лица инвалидски колички, велосипеди, родители со детски колички.
- Репарација на сите плочници помеѓу зградите низ општина Аеродром и патеките кои водат низ парковите.

## Водовод и канализација

- Водоводна мрежа во индустриска зона Горно Лисиче.
- Замена на водоводната мрежа на улица 1 и 2 со краци во Долно Лисиче.
- Изградба на фекална канализација во индустриска зона Горно Лисиче.
- Доизградба на атмосферска канализација на улица Тодор Чангов.
- Поставување на атмосферска канализација на улица Ѓорѓи Капчев.
- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во Вардар, во соработка со Град Скопје.
- Редовно чистење на каналите и речните корита од нанесениот цврст отпад.
- Реконструкција на колекторски систем на р. Вардар за заштита од фекалните отпадни води.

## Јавна чистота

- Реформирање на Јавното претпријатие за комунални дејности кое би ги одржувало тревнатите површини и јавните простори со што ќе прекине одлевањето на илјадници евра од општинската каса кон приватни фирми.
- Вработување на неопределено време на веќе ангажираните комунални работници.
- Зголемување на бројот на комунални редари.
- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во општината.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.
- Изрекување прекршочни глоби за љубителите на животни кои не си го собираат изметот од домашните миленици од јавните површини.
- Изградба и редовно одржување на јавни тоалети на неколку локации.
- Поставување повеќе контејнери за селекција на отпад.
- Воспоставување на локални пунктови за кабаст отпад, електроника и пластика од каде со општински возила отпадот би се носел во централен пункт на селектирање.

# II. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## Паркови и зеленило

- Расадник и Компостара
  - Компостара за депонирање на органскиот отпад од тековното одржување на општината и од фирмите и домаќинствата кои би го селектирале и би било преземано од општинските служби.
  - Расадник за производство на семенски материјал и расад за хортикултурно уредување кај железничкиот мост во Горно Лисиче.
- Изготвување на зелен катастар за насади на дрва кој овозможува да се следат промените, да се планираат нови насади и да се преземат мерки за заштита и подобрување на зелените површини во урбаните подрачја.
- Засадување на дрва низ општината (по едно дрво за секое семејство).
- Изработка на акциони планови за животна средина и инсистирање на доследно спроведување на стандардите за застапеност на зеленилото на градежните парцели.
- Засилен инспекциски надзор за узурпација на зелени површини и патеки за поставување урбана опрема.
- Поставување и ставање во функција на веќе постоечките автоматски системи за наводнување на тревните површини.
- Сите ново-изградени објекти мора да имаат влучено функционално вертикално зеленило во планот за изградба.

## Енергетска ефикасност

- Поставување на фотоволтаици на сите јавни објекти.
- Субвенции за реновирање на старите згради со нови енергетски ефикасни фасади и кровови.
- Термо изолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Замена на старото улично осветлување со нови ЛЕД-светилки со фото-волтаични панели.
- Гасификација на јавните установи кои немаат можност за приклучок на топлификациската мрежа.

## Борба против загадувачите

- Загадувањето во општина Аеродром првенствено е од околните општини Кисела Вода и Гази Баба, Град Скопје кои не си ги исполнуваат своите надлежности кон загадувачите кои се лоцирани во нивните општини. Заради деценискиот проблем ќе се отпочне со правна постапка. Постапката би се проширила и кон Министерство за животна средина, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за внатрешни работи кои сносат дел од одговорноста во заштита на животната средина во соодветен контекст на Титан Цементарница Усје АД Скопје, ЈУ-Ранка Милановиќ, Вардариште, дивата населба кај Топлана Тето ...
- Редовна инспекција на сите градежни локации на територија на општина Аеродром од општинскиот инспектор, за да се осигура спроведување на Законот за градба.

## II. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

- Чистење на депониите на Река Вардар како и поставување на камери на сите пристапни улици и редовни инспекции за да се спречи континуираното фрлање на примарно градежен шут но и огромни количини на отпад.
- Отстранување на дивите населби и објекти покрај коритото на реката Вардар во потегот помеѓу Ново Лисиче и Долно Лисиче.
- Набавка на возило-цистерна за перење на локалните улици низ општина Аеродром.
- Поставување на нови мерни станици на критични точки. и информативни табли на најфрекфентните локации, за тековно следење на загадувањето.
- Засилена контрола на индустриските и комерцијални објекти во контекст на нивното загадување.
- Поставување подземни контејнери и контејнери за селективен отпад во соработка со Град Скопје.

# III. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### Плански проактивна општини

- Создавање специјализирани јавни претпријатија за извршување на надлежностите на општината, како замена на сегашниот тендер-систем.
- Изградба на Индустриска зона за лесна незагадувачка индустрија на потегот помеѓу Горно и Долно Лисиче.
- Планска изградба на згради со мултифункционална примена (МКЦ, кино, библиотека со читална и спортски комплекс).
- Забрана за издавање под концесии на јавни објекти изградени по пат на самопридонес или со средства од јавните фондови.

### Развој на претприемништвото, технологии и иновации

- Проект Технолошки парк - Аеродром.
- Организирање на обуки за аплицирање за средства од инвестициски фондови и помош при апликации.
- Центар за иновации за помош за развој на стартапи во областа на производството и ИТ индустрија.
- Привлекување на инвестиции преку организирање на бизнис форуми, саеми или партнерства со други општини или меѓународни организации кои ќе ја зголемат видливоста на општината како инвестициска дестинација.

## Локално рурално производство

- Формирање на мини пазари со фокус на локални производители. На неколку локации ќе се одредат места за мини пазари со предност на локални производители, занаетчии и земјоделц, регистрирани за таа дејност, со цел да се избегнат прекупци и нелојална конкуренција.
- „Локална пазарна недела" - тематски настан за поттикнување на производство и побарувачка на производи типични за периодот од годишното време или според одредени продукти, а за кој општината ќе одредува различна локација во општината за секој настан.
- Урбани градини - изнајмување на простор и мини плацови за одгледување на земјоделски производи за жителите на Аеродром.
- Запирање на процесот на пренамена на земјоделско земјиште во градежно во руралниот дел од општината.
- Создавање на систем за наводнување за сите земјоделски површини.
- Повластен пристап и цени при купување на семенски материјал и расад од општинскиот расадник
- Приоритет на локалните производители при набавки од страна на општината и јавните установи.

# IV. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

## Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: Располагање со општинските пари, склучување на договори за јавни набавки, промена на деталните урбанистички планови.

## Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби, со цел зголемување на нивната ефикасност
- Перманентни обуки за надоградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.
- Санкционирање на инспекторите заради неизвршување на нивните теренски надлежности.

## Спокојно урбано живеење

- Ослободување на узурпираните тротоари и јавни површини од нелегално поставените тенди, маси и столчиња на околните кафулиња
- Заштита од ноќна бучава и нарушување на спокојот на соседството од гласна музика од локалите, кафулињата и рестораните.
- Заштита на граѓаните од гласни машини, мотори, автомобили во доцните вечерни часови, со поголема сообраќајна контрола.
- Забрана за прекумерната бучава од верски објекти преку ограничување на гласноста која доаѓа од нив.

# V. ОБРАЗОВАНИЕ

- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца, изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Целосна обнова на дотраениот училишен инвентар и реновирање на дотраените училишта во Аеродром (покриви, училници, ходници, врати, прозорци, санитарни јазли).
- Забрана за приватно обезбедување на јавните објекти. Враќање на обезбедувањето под надзор на МВР, како што е по закон.
- Финансиска помош од општинскиот буџет во делот на исполнување на училишните програми.
- Стипендии за најдобрите ученици и студенти, со вклучување и на наменски донации од локалните бизниси.
- Покривање на трошоците за оброци за социјалните случаи во училиштата.
- Продолжување на дневниот престој на децата до петто одделение, наместо до трето одделение.
- Збогатување на библиотечниот фонд на училишните библиотеки.
- Компјутерска лабораторија во секое училиште.
- Организација на факултативни часови од ИКТ областа.

# VI. СПОРТ

## Проект „Спорт за сите“

- Нов затворен базен.
- Организирање на општински аматерски турнири во најпопуларните спортови за сите генерации.
- Организирање на општински училишни спортски лиги во фудбал, кошарка, ракомет и одбојка.
- Изградба на атлетска тартан патека.
- Изградба на Скејт парк.
- Обнова и редовно одржување на постојните фудбалски и кошаркарски игралишта.
- Фитнес зони на отворено – поставување на нови справи за вежбање низ парковите.

## МЗТ – Душата на аеродромци

- Кошаркарскиот клуб МЗТ Аеродром е формиран во 1966 година под името КК Скопје и до 1984 година бил активен во рамките на Младинското спортско друштво. Потоа, преминал под покровителство на „Металски Завод - Тито“ и од тој момент клубот постојано настапувал под името „МЗТ“, со чести измени на некои додавки кои ги одразувале спонзорите. „КК МЗТ Аеродром“ е моменталното име и тоа го носи од 2009 година, кога официјално Општина Аеродром станува сопственик на клубот.
- **Кошаркарскиот клуб МЗТ Аеродром** е симбол на општина Аеродром и потребна е зголемена, но правилно насочена поддршка за подобрување на ус-

ловите за тренинг и натпревари, нови регионални успеси и подобрување на младинската школа.

• **Визија за КК МЗТ Аеродром:**

- Клубот ќе се етаблира како конкурентен на регионално ниво (АБА-1) и ќе го оддржи водечкото влијание на локално ниво во Македонија. МЗТ, со својата богата историја, може и мора да им пружи повеќе на своите верни навивачи и поддржувачи.

## Цели за развој:

1. **Младинска школа:**

• Воспоставување унифициран систем на работа и работа по најмодерна програма за развој на млади категории. Користење на инфраструктурата на Општина Аеродром за селекција на таленти, со цел популаризација на кошарката и развој на здрави навики кај младите.

2. **Меѓународна сцена за младинци:**

• Вклучување на МЗТ во Јуниорската Евролига како дел од стратегијата за развој на квалитетен младински тим..

3. **Враќање во АБА 1 лига:**

• Враќање на МЗТ во првата АБА лига. Ова е важно за реномето и напредокот на клубот.

4. **Меѓународни натпревари за сениори:**

• МЗТ мора да се врати на европската сцена и да ја задржи својата позиција на европската клубска кошаркарска мапа.

# VII. КУЛТУРА

• Отворање на МКЦ – Младински културен центар кој би бил своевиден алтернативен ресурсен центар, т.е. „инкубатор“ на младите културни дејци (со кино сала, театарски простор, мултимедијален и функционален простор за уметници и креативци).

• Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, кафе-книжарници и дизајнерски продавници.

• Организирање културни настани и фестивали со еминентни домашни и странски артисти.

• Поддршка за фолклорот и старите занаети.

• Поддршка на локалните музичари, автори и бендови и нивно активно вклучување во манифестации на општината.

• Поддршка на традиционалните културни манифестации.

• Поддршка на традиционалниот Меѓународниот фолклорен фестивал „Св. Троица“ во Долно Лисиче.

• Културно лето Аеродром на повеќе локации низ општината.

• Поддршка на „Илинденски марш“.



# VIII. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Функционална мрежа на месни самоуправи, како систем за граѓанска партиципација, и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми од соседството.

## Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните жители во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден за граѓански идеи.
- Отворени денови на градоначалникот и советниците.

## Транспарентност во работата на општината

- Двосменско работење на шалтерите, со цел полесен пристап за граѓаните и воведување на едношалтерски систем.
- Јавно достапни материјали за работа на седниците, вклучително предлог програми, записници и предлог буџети.
- Воведување на проектот „Е-општина“ во соработка со Министерството за информатичко општество и дигитализација, што ќе го намали непотребното чекање на шалтер.
- Воведување на отворен телефонски број каде граѓаните ќе можат да добијат информации за тоа каде треба да се обратат за да остварат некое право.
- Избор на членови на УО и НО според стручност и компетентност што ќе овозможи унапредување на работата на јавните претпријатија.

## Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Целосно почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Обука и семинари за важноста на синдикалното здружување.
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.

# IX. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## Детска заштита:

- Социјална грижа за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно-социјални проблеми.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- „Бејби бокс" за секое новороденче - општината ќе додели пакет со пелени, облека и средства за хигиена.

## Младински политики

- Стимулирање на млади претприемачи за започнување свој бизнис.
- Воспоставување локална мрежа со младинските организација и конечно формирање на младински совет со цел да се слушне гласот на младите при креирање на младински политики.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и компјутери за децата од посиромашни семејства (деца на стечајци, деца на невработени, деца на самохрани родители од социјален ризик и техничко опремување – лаптоп, таблет...).
- Организирање на работни акции за разубавување на општината.

## Заштита на стари и изнемоштени лица

- Обезбедување на простор за пензионерски клубови.
- Вклучување на повозрасните жители во разубавување на маалското опкружување преку доделување на садници и репроматеријали за одржување на паркчиња преку платена активност за пензионери.
- Општинска поддршка на организации кои даваат нега и грижа на стари и изнемоштени лица.
- Привлекување на инвестиции за изградба на старски дом на територијата на општината.
- Изградба на населба за асистирано живеење на стари лица
- Назначување на општинско лице за техничка подршка на возрасната популација.

## Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Отворање народни кујни за сиромашни лица.
- Институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни шелтер центри.

## Општествена грижа за лицата со посебни потреби

- Дневен центар за лица на кои им е неопходна туѓа нега и внимание за децата со попреченост.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.

# IX. СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

- Пристап до јавните објекти за лица со инвалидитет
- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап за лица со инвалидитет.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови...
- Слеани тротоари за полесен пристап.

## Јавно здравје

- Целосно реновирање и осовременување на амбулантата во н. Лисиче.
- Едукација и превентивни активности за заштита и здравје при работа.







ОПШТИНА АЕРОДРОМ

# ЛЕВИЦА

ЗА АЕРОДРОМ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА АЕРОДРОМ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija